ОТВОРЕН ПОВИК

за пријавување и учество во бесплатен онлајн курс за создавање уметнички перформанси во јавен простор

PERFORMANCE ARTISTS TAKE THE STREETS

Project No:2025-1-AT01-KA220-YOU-00035197

Што ако твојата уметност може да запре случаен минувач, да отвори разговор, да предизвика насмевка или да поттикне вистинска промена?

Уметноста не мора секогаш да има сцена, завеса или публика со купени билети. Понекогаш најинтересните приказни се случуваат токму таму каде што најмалку ги очекуваме, на улиците, плоштадите, во парковите и во нашите соседства.

Co-funded by the European Union

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

CC BY SA

Еко Логик отвора повик за учество во бесплатниот онлајн курс PATS – Performance Artists Take The Streets, создаден за млади уметници, креативци и активни граѓани кои сакаат да ја претворат уметноста во алатка за дијалог, учество и општествени промени.

Што те очекува?

Преку инспиративни примери од Европа, практични алатки, креативни предизвици и развој на сопствена идеја, ќе откриеш како јавниот простор може да стане место за уметничко изразување и поврзување со заедницата. Курсот опфаќа шест модули:

1. **Вовед во уметнички интервенции во јавен простор** – открај што се уметнички интервенции и како функционираат.
2. **Историја и развој на уметничките интервенции** – инспирирај се од различни уметнички практики.
3. **Развој на концепт и дизајн на интервенција** – претвори ја својата идеја во конкретен план.
4. **Уметност за животна средина и општествена акција** – истражи како уметноста може да поттикне еколошка свест.
5. **Демократија, инклузија и активно учество преку уметност** – научи како да вклучиш различни луѓе и перспективи.
6. **Финален проект и јавна презентација** – развиј концепт за сопствена уметничка интервенција.

За кого е наменет курсот?

За млади актери, танчари, музичари, визуелни уметници, перформери, графити-уметници, активисти и сите креативни луѓе кои сакаат да истражуваат нови начини на уметничко изразување.

Како да се пријавиш?

Пополнувањето на пријавниот формулар е првиот чекор. По пријавувањето ќе добиеш дополнителни информации и насоки за пристап до онлајн платформата.

🔗 **Пријави се тука:** https://forms.gle/RCweghkoxQ74YVsbA

📅 **Рок за пријавување:** 30.11.2026 година, 23:59 часот

PARTNERS

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

CC BY SA

Co-funded by the European Union